Врз основа на Закон за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/2011, 51/2011, 148/2011, 74/2012, 171/2012, 27/2014 и 139/2014 ) член 235 од Законот за трговски друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/2004; 84/2005; 25/2007; 87/2008; 42/2010; 48/2010; 24/2011; 166/2012; 70/2013; 119/2013, 120/2013, 38/2014 и 41/2014), член 19 од Договорот за основање на Друштвото за приредување игри на среќа Државна Видеолотарија на Македонија - Касинос Аустриа ДОО Скопје, Правилникот за условите, начинот и постапката за склучување на договори за деловна соработка за услуги за обезбедување на закуп на играчки содржини за електронски игри на среќа број 02-1330/2 од 20.04.2018 година, и Одлуката за спроведување на постапка за Јавен повик број 03-1387/1 од 27.04.2018, Државна Видеолотарија на Република Македонија објавува

# ЈАВЕН ПОВИК БР. 01-ДСЕ/2018
# ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ДЕЛОВНА СОРАБОТКА ЗА УСЛУГИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЗАКУП НА ИГРАЧКИ СОДРЖИНИ ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ ИГРИ НА СРЕЌА

## ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Се објавува јавен повик за доставување на понуди за доделување на договор за деловна соработка за услуги за обезбедување на закуп на играчки содржини за интернет играње.

Државна видеолотарија на Македонија (ДВЛМ) ги повикува заинтересираните компании (Добавувачи) за соработка и имплементација на различни играчки содржини за електронски игри на среќа на локации кои ги организира ДВЛМ како и на својата Интернет Играчка Платформа (ИИП).

Во овие играчки содржини на електронски игри не спаѓаат играчките содржини на електронските игри на среќа на видео лотариските терминали (VLT) во сопственост на ДВЛМ.

ДВЛМ е одговорна за избор на Добавувач и ДВЛМ е директна страна во Договорот кој ќе биде потпишан.

Избраниот Добавувач ќе мора да соработува со деловните соработници на чии локации ДВЛМ организира електронски игри на среќа како и со примарниот добавувач на технолошката платформа на ДВЛМ преку која ќе се имплементираат односно интегрираат на ИИП.

## I.УСЛОВИ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРИ ЗА ДЕЛОВНА СОРАБОТКА

За да учествува во постапката за избор на деловен соработник за доделување на договорот неопходно е да бидат исполнети следните услови:

## I.1. ОПШТИ УСЛОВИ

За да учествува во јавниот повик, заинтересираниот понудувач треба да докаже дека е способен за извршување на бараната услуга со доставување на документи за:

- Лична состојба;
- Техничката или професионалната способност;
- Стандарди за системи за квалитет;
- Сопственоста односно полномошното за располагање со предметот на закуп;
- Претходно искуство во давање на услуги од ваков тип на услуги;

### I.1.1. Документи за докажување на лична состојба

- изјава на понудувачот дека во последните 5 години не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;
- потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган;
- потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган;
- потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде понудувачот е регистриран;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно-приватно партнерство;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност и
- потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција – забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност.

Документите не смеат да бидат постари од 6 (шест) месеци, а се доставуваат во оригинал или копија заверена од понудувачот.

Ако договорниот орган се сомнева во документите за утврдување на личната состојба на понудувачот, тој го задржува правото да побара информации директно од надлежните органи кои ги издале документите за утврдување на личната состојба.

### I.1.2. Документи за докажување на техничка или професионална способност

За докажување на способноста за вршење на професионалната дејност, понудувачот треба да има на располагање документ за регистрирана дејност како доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.

**I.1.3. Документи за докажување на системите за квалитет за кои е сертифициран понудувачот**

Понудувачот треба да достави документи со кои ќе ги потврди системите за квалитет неопходни за неговото работење во согласност со законските прописи во земјата каде што е регистриран.

**I.1.4. Документи за докажување на сопственоста односно полномошно за располагање со предметот на закуп**

Понудувачот треба да достави документи од кои недвосмислено ќе се утврди дека поседува право на сопственост односно право на располагање со сервисите односно услугите кои ги нуди а се предмет на јавниот повик

**Нема да биде разгледувана понудата на правно лице за кое ќе се утврди дека по било кој основ има неплатени обврски спрема Државната видеолотарија на Македонија**

## I.2. ПОСЕБНИ УСЛОВИ

За да учествува во јавниот повик, заинтересираниот понудувач, треба задолжително да ги исполнува следните посебни услови:

1. да има најмалку еден тековен клиент, без разлика дали е клиентот е во претежно државна или приватна сопственост, кого го снабдува со продукти и/или услуги од доменот на електронски игри на среќа заедно со услуги на оперативна подршка, за период од најмалку 1 (една) година;
2. бројот на локации на кои се приредуваат услугите од точка 1 да не е помал од 1.500 (илјадаипетстотини);
3. да ги извршува услугите од точка 1 на регулиран пазар во Европа, Северна и/или Јужна Америка;
4. да овозможува користење на горенаведените услуги за играње за реални парични средства;
5. да поседува генератор на случајни броеви (RNG) кој се користи кај понудените играчки содржини сертифициран од овластена лабораторија, која на барање на барање на ДВЛМ да може да биде поставен и на локација во Република Македонија

Докажувањето на посебните услови се врши со приложување на референтна листа на активни клиенти за кои се исполнети горенаведение условите, односно со соодветни изјави потпишани од одговорното лице кај понудувачот.

Понудувачот треба да ги исполни/овозможи најмалку спецификациите наведени во техничката документација, која е прилог и составен дел на Јавниот повик.

Понудувачот да обезбеди демо верзии на понудените играчки содржини кои ќе бидат достапни во текот на евалуација на пристигнатите понуди.

## II. НАЧИН И РОК НА ДОСТАВУВАЊЕ И ВАЖНОСТ НА ПОНУДАТА

II.1. Понудата за доделување на договор за деловна соработка за услуги за обезбедување на закуп на играчки содржини за електронски игри на среќа треба да биде во писмена форма, во 1 (еден) оригинален примерок, преку пошта или со доставување во архивата на Државната видеолотарија на Македонија.

Адреса за доставување на понудите е: Државна видеолотарија на Македонија, ул. 8-ма Ударна бригада бр. 14, 1000 Скопје, Република Македонија.

Постапката за склучувањето на договорите за деловна соработка ја спроведува Комисија за склучување на договори за деловна соработка.

II.2. Рокот на важење на понудите е 6 (шест) месеци од денот на поднесување на понудата. Рокот е задолжителен.

- Понудата во посебен затворен плик, и другата документација се доставуваат во затворен плик со ознака „НЕ ОТВАРАЈ" и со назнака „За јавен повик за деловна соработка бр. 01-ДСЕ/2018".
- Понудата се доставува во 1(еден) оригинален примерок, кој треба да биде заверен и потпишан од одговорното лице на понудувачот. Понудувачите кои поднеле некомплетна и невалидна документација, се исклучуваат од постапката и нивните понуди нема да се разгледуваат.
- Понудата треба да содржи два одвоени коверти – едниот означен како „Техничка понуда"а вториот како „Финансиска понуда"
- Понудата и сите нејзини пропратни документи се доставуваат на македонски јазик. Документацијата доставена на англиски јазик задолжително мора да содржи официјален македонски превод.
- По исклучок, техничката документација односно потврдувањето на бараните технички спецификации може да биде само на англиски јазик

**Финансиската понуда треба да е изразена во проценти (%) за секоја понудена игра посебно. Основицата за пресметка на овој процент е дефинирана во точка IV. од овој Јавен повик, без пресметан ДДВ.**

**Финансиската понуда треба да е потпишана од одговорно лице на Понудувачот.**

II.3. Крајниот датум за доставување на понудите е 11.05.2018 година до 16:00 часот.

II.4. Сите заинтересирани домашни и странски правни лица можат да ја превземат Техничка документација за Јавниот повик од веб страната на ДВЛМ - http://www.videolottery.mk во делот за јавни набавки/јавни повици.

Техничката документација е составен дел на овој јавен повик.

## III. КРИТЕРИУМ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Критериум за избор на најповолна понуда е понудениот најнизок надомест за извршување на услугата дефиниран како процентуален износ од разликата помеѓу вкупниот износ на уплатени парични средства за учество во електронските игри на среќа од една страна, и вкупниот износ на остварени добивки (вклучувајќи го и износот за пресметан персонален данок на добивките) од електронските игри на среќа во текот на еден календарски месец, а по одбиени давачки спрема државата за приредување на електронските игри на среќа (Република Македонија), согласно законските основи.

Доколку двајца или повеќе понудувачи достават иста понуда а воедно ги исполнуваат условите за учество во јавниот повик во целост, предност ќе има понудувачот кој прв ја доставил понудата.

Против Одлуката, незадоволниот учесник на јавниот повик може да изјави приговор, во рок од 8 (осум) дена од денот на доставување на известувањето за изборот.

Приговорот во писмена форма се доставува преку Комисијата што ја водела постапка до Собирот на содружници на Државната видеолотарија на Македонија.

## IV.ОБВРСКИ НА ДЕЛОВНИОТ СОРАБОТНИК

Деловниот соработник се обврзува да му ги стави на располагање услугите предмет на Договорот за деловна соработка на Нарачателот (ДВЛМ).

Минималниот број и спецификација на побарани игри/играчки содржини се наведени во техничката спецификација која е составен дел на овој повик.

Деловниот соработник се обврзува да го стави на располагање предметот на закуп во состојба на работна подготвеност со што во исто време ќе преземе одговорност за случајноста и ризикот кој произлегува од работењето.

Деловниот соработник задолжително се обврзува во континуитет да ги превзема сите неопходни мерки и активности со цел минимизирање на ризиците поврзани со закупот на играчките содржини, односно за минимизирање на ризиците кои произлегуваат од игрите кои се приредуваат, финансиските ризици и ризиците поврзани со употребуваните информатички технологии.

Деловниот соработник се обврзува функционирањето на играчките содржини во целост да го усогласи со законската регулатива во Република Македонија, во рок не подолг од 30 (триесет) дена од потпишувањето на Договорот на деловна соработка.

Деловниот соработник се обврзува навремено да ги имплементира сите промени кои би произлегле од промена на законската регулатива во Република Македонија, при што нема право да бара и пресметува посебен надоместок за тоа.

Деловниот соработник се обврзува да му го стави предметот на закуп во целосно функционална состојба и со писмени упатства за начинот на употребата и за

начинот на постапување во случај на дефект, хаварија и слично.

Деловниот соработник задолжително треба да поседува сертифициран Генератор на случајни броеви (RNG) кој се користи кај понудените играчки содржини предмет на овој Јавен повик. Сертификатите од долунаведените лаборатории ќе се сметаат за валидни:

1. Gaming Associates UK Limited, UK
2. NMi Metrology & Gaming Limited, UK
3. eCOGRA, United Kingdom
4. QUINEL SA, CH
5. GLI Austria GmbH, Austria
6. iTech Labs, Italia
7. GLI Europe B.V., The Netherlands
8. BMM SPAIN TESTLABS, S.L.U., Spain
9. SIQ, Slovenija
10. Gaming Associates Europe Limited, London, UK

Деловниот соработник ќе ги става на располагање на Нарачателот сите софтверски ажурирања и ажурирање на сервер и библиотеката на игри, со редовно додавање на нови игри од електронските игри во Република Македонија од достапното портфолио на игри на Деловниот соработник, при што нема право да бара и пресметува посебен надоместок за тоа.

Деловниот соработник се обврзува да обезбеди целосна 24/7 поддршка на предметот на закуп.

Деловниот соработник се обврзува да изврши целосна интеграција на предметот на закуп во софтверското решение на уплатното место на кое ќе се врши уплатата на влогови односно исплатата на добивки.

Исто така, деловниот соработник се обврзува да ја обезбеди потребната опрема за поврзување на локацијата со серверите на играчките содржини и обезбедување графички приказ на игрите и резултатите од играњето (дисплеите односно ТВ екраните не се обврска на Понудувачот).

Деловниот соработник се обврзува да изврши целосна интеграција на предметот на закуп во on-line платформата за интернет игри на среќа на ДВЛМ.

Заради контрола на функционирањето на предметот на закуп согласно законите во Република Македонија, Деловниот соработник се обврзува да овозможи целосен пристап (read only) до базите со податоци за определен број на лица од ДВЛМ.

Деловниот соработник се обврзува да обезбеди добивање на редовни и вонредни, како и стандардни и нестандардни извештаи кои произлегуваат од функционирањето на предметот на закуп а во соработка со стручни лица од ДВЛМ.

Деловниот соработник се обврзува да обезбеди софтверски алатки за изготвување на разни прегледи и анализи на резултатите од обезбедените играчки содржини, според потребите на ДВЛМ.

Деловниот соработник се обврзува целосно да ги автоматизира потребните пресметки за посебните давачки кон Република Македонија и персоналниот данок на добивки, во согласност со законската регулатива.

Деловниот соработник се обврзува да обезбеди, организира и да стави на располагање соодветен број на човечки и други потребни ресурси за квалитетно извршување на Услугата.

Деловниот соработник е должен да обезбеди целосна техничка поддршка за обезбедените играчки содржини.

Техничката поддршка треба да обезбеди минимизирање на времето во кое играчките содржини нема да бидат функционални од било која причина од доменот на обврските на деловниот соработник.

## V. ВРЕМЕТРАЕЊЕ И ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Договорот ќе се потпише за период од 6 (шест) години.

Избраниот понудувач се обврзува да обезбеди банкарска гаранција за квалитетно извршување на договорот во износ од 50.000 ЕУР, и тоа во рок од 30 (триесет) дена од потпишување на овој договор со важност од 3 (три) години и 14 (четиринаесет) дена, со обврска за обнова во зависност од времетраењето на Договорот, на начин и услови дефинирани во Договорот.

Услов за полноважност на Договорот е обезбедување на банкарска гаранција за да предметниот договор стапи на сила.

## VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Државна видеолотарија на Македонија го задржува правото да:

- ја прекине иницирана постапката или да ги измени почетните услови;
- побара дополнителни појаснувања и/или дополнувања на понудите;
- потпише Договор за деловна соработка со следниот рангиран понудувач доколку од која било причина не се потпише Договор со прворангираниот во рок од 15 дена од денот на одлуката за избор на понудувач;
- не избере ниедна од пристигнатите понуди без да ја образложува таквата одлука

## VII. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

За добивање на дополнителни информации, заинтересираните можат да се обратат до Државната видеолотарија на Македонија, на адресата contact@videolottery.mk